Со цел имплементација на целите и активностите предвидени со Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Град Скопје за 2019 година, Град Скопје објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за прибирање на барања**
**за користење средства од Буџетот на Град Скопје за 2019 година,**
**наменети за финансирање на програмски активности на**
**бизнис инкубатори и центри за развој на иновации**

Распределбата на средствата од Буџетот на Град Скопје за 2019 година, од потпрограмата Г1 ставка 464 потставка 464990 – наменети за кофинансирање на трошоците на бизнис инкубаторите и центрите за развој на иновации, ќе се врши врз основа на Програмата за поддршка на локалниот економски развој за 2019.

1. **Предмет на јавниот повик** е кофинансирање на трошоците на бизнис инкубаторите и центрите за развој на иновации, односно финансиска поддршка на проекти за :
   - Организирање на обуки
   - Консултантски услуги

За кофинансирање на трошоците за проекти на бизнис инкубаторите и центрите за развој на иновации, предвидени се средства во вкупен износ од 1.000.000 денари.

**2. Право на учество** на повикот имаат здруженија на граѓани и фондации кои се регистрирани според Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр.52/10) за цели поврзани со политиките за поддршка и развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија.

**3. Услови за учество** - Секој подносител може да учествува на јавниот повик само со еден проект.

Потребни документи за пријавување:

- Компјутерски пополнета *Пријава за финансиска поддршка*
- Компјутерски пополнет Образец за предлог – проект;
- Решение за регистрација и тековна состојба од Централен регистар;
- Изјава дека за активностите наведени во проектот досега не користеле средства од друг орган на државна управа или други извори на средства, а што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори.
- Извештај за добиените средства од Буџетот на Град Скопје во изминатата фискална година и начинот на нивната реализација (доколку организацијата била корисник на средства доделени од Буџетот на Град Скопје за 2018 година)

**Горенаведената документација целосно пополнета се доставува во оригинал или копии заверени на нотар.**

Обрасците  Пријава и  Проект за пријавување на јавниот повик , како и критериумите за оценување на проектите подносителите можат да ги подигнат на интернет страната на Град Скопје www.skopje.gov.mk .

4. **Период на реализација на проектите -2019 година**

5. **Рок и начин на доставување на пријавите**

Пријавите со комплетната документација потребно е да се достават во архивата на Град Скопје, бул. “Илинден” бр.82 Скопје, Сектор за локален економски развој, од 08.30 до 15.00 часот, **со назнака „** Јавен повик за прибирање на барања за користење средства од Буџетот на Град Скопје за 2019 година, наменети за финансирање на програмски активности на бизнис инкубатори и центри за развој на иновации“

**Пријавите се доставуваат во затворен и запечатен коверт, без означување на субјектот кој ја поднесува пријавата, во рок од 15 дена од денот на објавувањето во дневниот печат.**

**Напомена: Пријавите со непотполна документација или по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.**

**Доставените прилози не се враќаат**

Здруженијата на граѓани или фондации учеснички на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 15 дена од денот на донесување на Одлуката за распределба на средствата од Буџетот на Град Скопје за 2019 година.

Прашања за појаснување може да се поставaт писмено или по електронски пат до Секторот за локален економски развој на адреса: danielak@skopje.gov.mk.
Контакт: Секторот за локален економски развој

Тел: (02) 3297-328.